**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
бул.„Гоце Делчев“ бр.18,1000 Скопје тел. 55 11 798, факс. +55 14 474

**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
**бр.02-1926/**

# З А П И С Н И К

**Од 275.седница на Програмскиот совет на Македонска Радио Телевизија одржана на ден 25.03.2025 година.**

**ПРИСУТНИ ЧЛЕНОВИ НА ПРОГРАМСКИОТ СОВЕТ:**
проф. д-р Смилка Јанеска Саркањац-Претседател на Програмскиот совет на МРТ**(скајп)**, Ведат Мемедалија-Заменик претседател на Програмскиот совет на МРТ,Снежана Клинчаровам-р Ристе Панов,Гајур Рамадани,Илир Рамадани,Златко Јанковски**(скајп)**,Селпин Керим,Ивана Трајковска**(скајп)** и Анита Латифи.

**ОТСУТНИ ЧЛЕНОВИ:**
д-р Агим Лека

**ДРУГИ ПРИСУТНИ:**
Драган Николовски-Главен и одговорен уредник на Прв програмски сервис МТВ, Мерита Гаши-Главен и одговорен уредник на Втор програмски сервис МТВ.

Седницата започна во 15.00 часот.
Заменик Претседателот на Програмскиот Совет на МРТ Ведат Мемедалија го прочита доставениот дневен ред пред присутните.
Програмскиот совет на МРТ го разгледа дневниот ред.
Програмскиот совет на МРТ едногласно го усвои и продолжи со работа по следниот дневен ред

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. Разгледување и усвојување на Записникот од 274.седница на Програмскиот совет на МРТ.

2. Разгледување и усвојување на Извештај за реализација на Програмата за работа на ЈРП МРТ за 2024 година.

3. Разно.

**ТОЧКА 1:Разгледување и усвојување на Записникот од 274.седница на Програмскиот совет на МРТ.**

Заменик Претседателот на Програмскиот Совет на МРТ Ведат Мемедалија го стави на разгледување записникот од 274.седница на Програмскиот Совет на МРТ.
Членот Ристе Панов имаше забелешка по однос на записникот.
По расправата записникот од 274.седница на Програмскиот совет на МРТ беше ставен на гласање.
Програмскиот совет на МРТ по извршеното гласање едногласно **го усвои** записникот од 274.седница на Програмскиот Совет на МРТ со констатираните забелешки.

**ТОЧКА2: Разгледување и усвојување на Извештајот за реализирана програма за работа на ЈРП МРТ за 2024 година..**

Заменик Претседателот на Програмскиот Совет на МРТ Ведат Мемедалија на почетокот на своето излагање по оваа точка ги објасни законските рокови за доставување на Извештајот за реализација на Програмата за работа на ЈРП МРТ за 2024 година до Собранието на РМ заедно со Финанискиот извештај на ЈРП МРТ за 2024 година.
Во овогодинешниот Извештај е наведено дека основна функција на Македонската радио телевизија е производство и емитување на програма во согласност со член 91 и член 92, дел од Програмските стандарди од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги со кои се пропишуваат конкретните обврски на радиодифузерите, а особено обврските на јавниот радиодифузен сервис. Имено обврската за емитување на 10% програма од независни продуценти и 60% европски аудиовизуелни дела во текот на година се однесува на Првиот програмски сервис на МТВ, додека 40% проценти изворно создадена програма во Република Северна Македонија на македонски или на немнозинските јазици што се говорат во државата се однесува на сите радио и телевизиски програмски сервиси од општ формат на МРТ, како и на најмалку еден радио програмски сервис на македонски јазик и на радио програмскиот сервис на јазиците на етничките заедници кои не се во мнозинство во Република Македонија, дневно да обезбеди најмалку 50% од емитуваната инструментална, вокална и/или вокално-инструментална музика изворно создадена во Република Македонија да биде на македонски јазик или на јазикот на етничките заедници кои не се мнозинство, а на вториот радио програмски сервис на македонски јазик дневно да обезбеди најмалку 30% од емитуваната инструментална, вокална и/или вокално-инструментална музика изворно создадена во Република Македонија да биде на македонски јазик. Обврските не се однесуваат на програмските сервиси од специјализиран формат. Надлежна институција за реализација на Програмските стандарди утврдени со закон е Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги која надзорот го спроведува на редовна и вонредна основа и во 2024 година МРТ не доби никаква забелешка по однос на реализираната програма на сите програмски сервиси.

Во 2024 година Македонската радио телевизија ги има спроведено обврските, стандардите и начелата пропишани во членовите 110 и 111 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во целост.Периодот од април до август 2024 година, пред се го обележуваат периодот на изборните процеси што се одвиваа во Република Северна Македонија, односно двојните избори – претседателски и парламентарни. Како јавен радиодифузен сервис, МРТ ги покриваше изборните процеси од периодот на објавување на Изборите 2024 се до формирањето на Парламентарниот состав, избор на Претседател на Државата и формирањето на Владата во согласност со Изборниот законик и Законот за спречување на корупцијата. Имено, во периодот од објавување на Изборите до периодот на отпочнување на изборната кампања, информативните програми на МРТ ја следеа работата на Државната изборна комисија и емитуваа дебати на предизборни теми што се обврска на јавниот сервис во согласност со законските решенија. Во прилог на Медиумската писменост, во истиот период беа емитувани едукативни спотови Мерење штетни политички наративи.

Конкретно за периодот на изборната кампања, сите програмски сервиси на МРТ донесоа Правила за медиумско покривање на изборните процеси каде што времето за известувањето на партиите коишто учествува во изборите беше поделено на 30% за партиите на власт, 30% за партиите во опозиција, 30% за случувањата од земјата и светот и 10% за политичките партии што не се претставени во Собранието, а се раководеа од Етичкиот кодекс на сите вработени во МРТ (донесен во 2017 година), Етичките принципи за медиумско покривање на изборните процеси, Изборниот законик и Законот за спречување на корупцијата. Дебатните емисии поврзани со Изборите 2024 беа емитувани од двете нови најголеми студија на Балканоткои официјално беа пуштени истата година. По однос на програмите од јавен интерес, настаните од национален интерес, како и настаните од државен интерес, Македонската радио телевизија, како јавен радиодифузен сервис ги покрива во согласност со своите можности, како и во согласност со техничките капацитети и расположливите човечки ресурси.

Драган Николовски-Главен и одговорен уредник на Прв програмски сервис МТВ, пред членовите ја образложи програмата која се реализирала на програмите на МТВ1 во 2024 година, додека Мерита Гаши- Главен и одговорен уредник на Втор програмски сервис МТВ ја образложи програмта за МТВ2 која се реализирала во 2024 година. Заменик Претседателот на Програмскиот Совет на МРТ Ведат Мемедалија ги пофали уредниците на двата сервиси за реализираните изборни процеси во 2024 година кои поминаа без грешки, како и за новогодишната програма на двата сервиси. Анита Латифи изрази жалење што во 2024 година немаше ниту едно вработување во куќата, знаејќи колку им се потребни на двата сервиси човечките ресурси во моментов, и изрази надеж дека оваа година е нема да се повтори истото.

По расправата по оваа точка беше предложен **Заклучок:**

●Програмскиот совет на МРТ го задолжува Директорот на МРТ да се достави Информација за планот за вработуваање колку се предвидени вработувања за 2025 година и дали има одобрувања за истиот од Министерство за финансии.

-Заклучокот беше едногласно усвоен од страна на Програмскиот совет на МРТ.

Членот Гајур Рамадани со пофалби до програмите на двата сервиси, посебно инфомративните програми и спортската програма, исто така мора да се напомене дека фалаат документарни емисии на МТВ2 и треба да се размислува во таа насока,што се однесува на стручните кадрите во куќата веќе подолго време се на мимимум и не можеме без нови вработени да се носиме со другите телевизии, и во тој правец уредниците мора да преземат напори за да се издејствува нови вработувања.

Членот Ристе Панов со пофалба за двата сервиса за држењето до начелата и стандардите на информирање без забелешки во тој дел, и ако се споредат можностите и капацитетот со вработени мислам дека МРТ се држи на едно добро ниво. Тој посочи дека на првиот програмски телевизиски сервис недостасува програма која се однесува за македонскиот јазик, потоа за историјата, за културата, традицијата, обичаите и други карактеристики за македонскиот народ, бидејќи смета дека јавниот сервис ја има токму таа улога на заштитник и промоција на овие вредности како македонски народ. Овие содржини можат да бидат претставени во различни современи форми.

За збор се јави и Снежана Клинчарова која се сложи со претходните констатации дека изборите кои се одржаа во минатата година беа многу добро телевизиски одработени, а впрочем тоа беше едногласно констатирано на посебна седница на Програскиот совет. Во одлично продуцирана програма е и онаа на спортската редакција, односно третиот програмски сервис во покриеноста на спортските манифестации и настани, особено на меѓународните. Но, за останатата програма емитувана во минатата 2024 г. немам позитивно мислење, напротив.

Би почнала со прашање за големите јубилеи 60/80 години МРТ: Како беа одбележани? Секако не онака како што ветуваше менаџментот на една од седниците на програмскиот дека ќе биде формирано специјално тело во кое ќе земе учество и програмскиот, па ќе биде вака и онака, ама на крајот ништо. Се помина со селективно (случајно поканети гости според комшиски и лични колегијални односи) поканети некогашни вработени во куќата кои гостуваа во мал број емисии во кои ПРОВЕЈУВАА големите јубилеи на куќата. Селективноста не изостануваше и во изборот и емитувањето на емисиите од некогашната продукција за време на т.н. месец (декември) на МРТ. СРАМНО И ЗА ГРЕОТА. Зарем вакво бедно ,,одбележување,, заслужи МРТ после 80 години Македонско радио и 60 години Македонска телевизија?
Друго, погледнете ја емитуваната програма од секторот за образовна програма. Погледнете ја последната ставка каде што е набележана ТВ Ризница со играни проекти од: Опстанок, Чук Чук Стојанче,Во светот на бајките и.т.н. па тргнете кон почетокот на наведените емитувани проекти. Копродукција до копродукција, (кои се далеку под емисиите од ТВ Ризница), откупена програма, програма со отстапени права, без училишната програма ,,Ѕвон,, без научна програма, со единствена светла точка од проектот ,,Чудесна Македонија,, чија авторка е последната вработена во образовната програма, која за месец два ќе замине во пензија.
Констатација: Образовната програма на МТВ после 60 години е „УБИЕНА“. Но, како замена на гледачите, особено на најмладите им се нудат проекти во траење од 60 СЕКУНДИ како ,,Избери паметно,, за некаква превенција и ,,Го осознаваме светот,, преку пораки за светската историја. Дали се соодветни и што ќе видат и научат нашите деца во 60 секунди е едно, а друго е дека овие надворешни проекти се поприлично скапи.
Затоа предлага Заклучок покрај претходно побараните договори да ги добиеме и овие договори, односно договорите за сите проекти во траење од 60-90 секунди.
Исто така, да ни се доставаат договорите за копродукциска соработка со продукцијата ,,Вертиго,, што ја читаме на сите одјавни шпици од емисиите што се емитуваат од новите студија, односно од адаптираните студија заради новата технологија.
На крајот, што се однесува до копродукциските емисиите наведени во информативната програма на првиот програмски сервис на МТВ, а се приматели на странски пари, а земаат и од буџетските пари на нашите граѓани, нема да должам и да се повторувам. Ним не им е местото на пограмите на националниот јавен сервис на граѓаните, МРТ.

По расправата по оваа точка беше предложен **Заклучок:**
●Програмскиот совет на МРТ го задолжува Директорот на МРТ за наредна седница да се доставаат до советот на увид Договорите за копродукција за следните проекти:
**-„360 степени“,**
**-„Метео на МТВ“,**
**-„ИРЛ“,**
**-„Агенда 35“,**
**-„Еуровижн“,**
**-„Избери паметно“,**
**-,,Го осознаваме светот“,**
**-„Дали знаете“,**
**-„Знаете ли“,**
**-„Околу светот“,**
**-„Вертиго“ (одјавни шпици).**

-Заклучокот беше едногласно усвоен од страна на Програмскиот совет на МРТ.

МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА
бул.„Гоце Делчев“ бр.18,1000 Скопје тел. 55 11 798, факс. +55 14 474

По расправата Заменик Претседателот на Програмскиот Совет на МРТ Ведат Мемедалија го стави на гласање Извештајот за реализација на програмата за работа на Македонската Радио Телевизија за 2024 година.

■**Извештајот за реализација на програмата за работа на Македонската Радио Телевизија за 2024 година** беше ставен на гласање:

- ЗА гласаа: **8** члена,
- ПРОТИВ гласаа:**0** членови,
- ВОЗДРЖАН гласаа: **2** члена.

По спроведеното гласање се констатира дека Извештајот за реализација на програмата за работа на Македонската Радио Телевизија за 2024 година **е усвоен** од страна на Програмскиот совет на МРТ.

**ТОЧКА3:Разно.**
По расправата по оваа точка Снежана Клинчарова предложи **Заклучок:**
●Да се одржи посебна седница на која ќе донесеме заклучоци, односно ќе изготвиме материјал за крајот на нашиот мандат, а ќе им помогне на членовите на новиот состав на програмскиот совет. Во него треба да бидат содржани нашите согледувања за (не)функционирањето на куќата, малиот број на вработените, недоволната техничко-технолошката опременост, со анализа на петгодишната стратегија за развој на МРТ,како и потребните законски измениво законот за АВМУ и потребата од носење на нов Закон за МРТ и др.
-Заклучокот беше едногласно усвоен од страна на Програмскиот совет на МРТ.

Седницата заврши во 16.40 часот.

Записничар
А.Алулоски

Програмски совет на МРТ

Ведат Мемедалија
заменик претседател